Претседателството на Демократскиот сојуз, донесе одлука за започнување на подготовки за претстојните локални избори, кои треба да се одржат во септември 2021 година. За таа цел, Демократскиот сојуз објавува

ЈАВЕН ПОВИК

ЗА КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И НОСИТЕЛИ НА СОВЕТНИЧКИ ЛИСТИ ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ И ОПШТИНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

-Да имаат завршено високо образование.
-Да поседуваат високи морални и професионални квалитети, да се почитувани во средината каде што живеат и работат.
-Да се со силен интегритет и отпорни на коруптивни влијанија.
-Да поседуваат вештини, да можат да мотивираат и поттикнуваат на акција и работа.
-Да ги познаваат проблемите во општината и потребите на граѓаните.
-Да ги прифатат основните идејни и програмски определби на Демократскиот сојуз.
-Да соработуваат со носителот на советничката листа и останатите кандидати за советници, и истата да ја поддржат во изборната кампања.
-Кандидатите за градоначалници да подготват ИЗБОРНА ПРОГРАМА (2021-2025), во која ќе бидат опфатени локалните проблеми (инфраструктурни, економски, здравствени, културни, спортски итн.) и да предложат проекти и мерки за нивна реализација.

Програмата треба да биде резултат на проучување и анализа на состојбите, соработка со граѓаните, компаниите, невладиниот сектор и експертите .

Треба да се користат и анализите на експертите, анализите на медиумите, социјалните мрежи, стручната литература, стратегиите за развој и сл.

Програмата треба да започнат да ја подготвуваат од денот на прифаќање на кандидатурата и истата треба да биде подготвена најдоцна до крајот на Август 2021 година.

Заинтересираните граѓани своите апликации, со куса биографија и мотивациско писмо, треба да ги достават до: Демократски сојуз, ул. Стале Попов, бр.9/4, Скопје или по маил: demokratskisojuz@ymail.com.

За дополнителни информации на тел. 02/3231-141, 02/3215-164 или 071/344-020.